21 -06- 2018

03 14672/1

**Република Македонија**
**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Иван Митаноски**
***именуван за подрачјето***
**на Основните судови**
**Охрид, Струга и** Дебар
**ул. Димитар Влахов 13/9**
**тел. 046/256-420**

**Образец бр.51**

**И.бр.298/08**

Извршителот **Иван Митаноски** од **Охрид** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Извозна и кредитна банка АД Скопје** од Скопје со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул."Булевар Партизански одреди" бр.3 блок 11 сега Халк банка АД Скопје, засновано на извршната исправа [redacted] од [redacted] на [redacted] против [redacted] со живеалиште [redacted] за спроведување на извршување во вредност [redacted] ден., на ден 18.06.2018година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

Подрум, приземје и поткровје од куќа со вкупна површина од 229м.кв и земјиште од 270м.кв. во место Ѓокореше КО Елшани АКН ОКН Охрид подетално опишани во лист В во ЕЛ.бр.1121 КО Елшани АКН ОКН Охрид како:

КП.бр.2938 дел 1, адреса Ѓокореше, број на зграда 1, намена на згр. стан во семејна зграда, влез 1, кат П, број 1, собност 2 материјал/година на градба 893/1990 , внатрешна површина 58м.кв.,

КП.бр.2938 дел 1, адреса Ѓокореше, број на зграда 1, намена на згр. стан во семејна зграда, влез 2, кат ПР, број 2, собност 0 материјал/година на градба 893/1990 , внатрешна површина 74м.кв.,

КП.бр.2938 дел 1, адреса Ѓокореше, број на зграда 1, намена на згр. лоѓии балкони тераси, влез 2, кат ПР, број 2, собност 0 материјал/година на градба 893/1990 , внатрешна површина 13м.кв.,

КП.бр.2938 дел 1, адреса Ѓокореше, број на зграда 1, намена на згр. стан во семејна зграда, влез 2, кат МА број 3, собност 0 материјал/година на градба 893/1990 , внатрешна површина 68м.кв. и

КП.бр.2938 дел 1, адреса Ѓокореше, број на зграда 1, намена на згр. лоѓии балкони тераси, влез 2, кат МА, број 3, собност 0 материјал/година на градба 893/1990 , внатрешна површина 16м.кв.,

Подетално опишани во лист Б во ИЛ бр.389 КО Елшани АКН ОКН Охрид како:

КП.бр.2938 дел 1, под објект 1, место Ѓокореше, култура под зграда, површина 77м.кв. и

КП.бр.2938 дел 1, под објект 1, место Ѓокореше, култура двор, површина 193м.кв., сопственост на Љуба Анастасиеска согласно решение О.бр.187/11 УПДР 28/11 на Нотар Момана Иваноска од 05.05.2011година.

Продажбата ќе се одржи на ден **13.07.2018година во 10:00часот** во просториите на Извршител Иван Митаноски од Охрид на ул.Димитар Влахов бр.13/9.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот од 04.04.2018година намалена за 1/3 согласно ЗИ, изнесува **3.191.951,00денари**, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

Решение за упис на заложно право [redacted] од [redacted]година н[redacted] Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан не го задржува правото да домува тука и е должен зградата односно станот да ги испразни во рок од 60 дена од денот на донесувањето на Заклучокот за продажба, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10(една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 530000900870410 која се води кај Охридска банка АД Скопје и даночен број 5020007108469.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а од положената гаранција ќе се намират трошоците на новата продажба и ќе се надомести разликата меѓу цената постигната на поранешната и на новата продажба.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање:

Дневен весник Нова македонија.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Иван Митаноски

**Д.-на:**Доверител, должник и УЈП Охрид.